БР.2 година I  февруари 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА



- Корупцијата и бизнисот - која е цената?
- Истрагата на БИРН откри дупки во здравствената услуга во Косово
- Општините можат да ја унапредат информираноста и вклученоста на граѓаните, фирмите и невладините организации
- Антикорупциски кампањи

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.

Издавањето на месечникот го поддржува Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC), во рамките на програмата CIVICA Mobilitas имплементирана од Центарот за институционален развој (ЦИР-а), за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

ISSN 1857-7075

„Оваа публикација беше овозможена во согласност со Договорот за грант број IG – 23 – 09, во рамките на програмата CIVICA Mobilitas имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од СДЦ. Сите наведени содржини претставуваат мислења на авторите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и СДЦ“.

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

CIVICA mobilitas ...Заедно стануваме подобри!

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Корупцијата ги мачи и земјите од нашето непосредно соседство. Овој број носи подлабок приказ на состојбата во Косово. Тамошната антикорупциска агенција поднесе пријави за 159 службеници осомничени за корупција. Сепак, меѓународните аналитичари оценуваат дека корупцијата во Косово е сè уште многу застапена и дека борбата против неа досега немала повидливи резултати.
На истата тема пренесуваме една сеопфатна анализа на Балканската истражувачка мрежа која ги истражува дупките во здравствените институции на Косово.
Еден американски истражувач открива поврзаност меѓу степенот на корупција во една земја со вербата на луѓето и во институциите и во луѓето. Во Кина, пак, поради ограничениот број на научно-истражувачки трудови што може да се објават во текот на една година откриен е нелегален бизнис со овие трудови вреден милиони долари.
Антикорупцискиот експерт Вања Михајлова овој пат ги анализира цената и последиците од корупцијата за економијата.
Во продолжение можете да ги прочитате ексклузивно резултатите од истражувањето на задоволството на граѓаните, бизнисмените и претставниците на граѓанските организации од работата на општините во Источна Македонија. Исто така, истражувањето го мери и степенот на вклученост на локалната заедница во процесот на донесување одлуки во општините. Резултатите од истражувањето ќе послужат како основа за изработка на препораки за преземање мерки да се надминат утврдените слабости и да се унапреди работењето на локалните власти.
На крајот нудиме еден интересен колаж од насловни плакати за антикорупциски кампањи ширум светот.
И овој пат се надеваме дека понудените теми ќе придонесат секој од нас, во областа на своето работење, да помогне во поголема и подоследна примена на принципите и начелата на доброто владеење.



БР. 2 година I

МАК

МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА


- 4 ВЕСТИ
- 6 АНАЛИЗА
  Корупцијата и бизнисот
  - која е цената?
- 10 ИСТРАЖУВАЊЕ
  Истрагата на БИРН
  откри дупки во здравствената
  услуга во Косово

12 ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Истражување:
Општините можат да ја унапредат информираноста и вклученоста на граѓаните, фирмите и невладините организации

15 АНТИКОРУПЦИСКИ КАМПАЊИ

## ПОРАСТ НА СЛУЧАИТЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 34,6%

ПРИШТИНА, 11 март (Танјуг) – Агенцијата за борба против корупцијата на Косово (АБПК) му поднела на обвинителот пријави за 159 службеници од косовските институции осомничени за корупција, изјави денеска директорот на Агенцијата, Хасан Претени. Според извештајот презентиран во Приштина, корупцијата на Косово минатата година пораснала за 34,61% во однос на 2008 година. „Додека во 2008 г. имаше вкупно 130 пријавени случаи на корупција, во текот на 2009 г. Агенцијата доби 175 предмети, што е за 34,61% повеќе“, рече Претени на прес-конференција.

Претени рече дека од 175 пријави, 53 се однесуваат на корупција во правосудството...

Врз основа на доставените предмети, следеше апсење на пет луѓе.

Во 60 случаи е отпочната истражна постапка, во пет случаи е отпочната истрага, а за 62 случаи нема повратни информации од обвинителството.

## КОСОВО: КОРУМПИРАНИ НАЈВИСОКИТЕ НИВОА НА ВЛАСТА?

27 февруари (DEUTSCHE WELLE) – Според оценките на многу меѓународни организации, Косово спаѓа во земјите со висок степен на корупција. Затоа, од косовските власти се бара поефикасна борба против неа, но досега немаше повидливи резултати.

Претставниците на мисијата на Европската Унија на Косово, во ноември минатата година најавија апсење на високи претставници вмешани во незаконски работи. Косовските медиуми тогаш пренесоа, повикувајќи се на извори од Еулекс и на косовското Обвинителство, дека под истрага се и некои министри и лидери на политички партии, како и околу 50 судии и обвинители...

Ментор Боровици, директор на Одделот за истрага при Агенцијата за борба против корупцијата, вели дека Агенцијата проследила до обвинителството над 160 случаи и дека имало и неколку обвиненија, но оти сѐ уште ниту еден висок претставник не е осуден. „На Косово имаше осудени за вмешаност во корупција во последните десет години, но нивното ниво и тежина на одговорност не беа во согласност со сомнението дека корупцијата е распространета меѓу највисоките нивоа на власт“...

Рамадан Иљази, извршен директор на невладината организација за слобода на говорот „Љевизја Фољ“, оценува дека во борбата против корупцијата би имало повеќе резултати кога Еулекс би го завршила својот дел од работата. „На Косово и натаму постои рекет спрема претпријатијата, продолжуваат заканите за новинарите, бандите и натаму слободно се движат. Не сме виделе дека некој криминалец е уапсен или дека се трага по него, иако Еулекс има јасен мандат по тоа прашање“...



## КОРУПЦИЈА ВО ВЛАДАТА = ПОМАЛКУ ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО

АТЛАНТА, 11 март (UPI) – Луѓето кои живеат во држави со повеќе пресуди за владина корупција имаат тенденција помалку да им веруваат на луѓето, укажуваат истражувачи од САД.

Шон Ричи, асистент по политички науки на Државниот универзитет на Џорџија, ги проучувал апсењата на владини претставници во 50 држави, како и податоците од истражувањето од 2002 до 2004 година на панелот за Американски национални студии за избори, кој објавува податоци за гласање, јавно мислење и политичко учество.

„Открив дека порастот на корупцијата во периодот пред да се спроведе истражувањето води кон намалување на верувањето дека владините претставници и обичните луѓе се доверливи“, изјави Ричи. „Тоа беше прво емпириско тестирање на овој концепт.“

Студијата исто така покажува дека кај луѓето од средовечните генерации и луѓето кои волонтираат има зголемување на довербата, додека оние со конзервативна идеологија и корисниците на медиуми покажуваат намалено ниво на доверба.

„Потребно е натамошно истражување, но оваа студија можеби почнува да помага да се објасни како институционалната акција влијае врз довербата. Таа укажува дека луѓето им го припишуваат недоверливото однесување генерално на политичарите и на другите луѓе“, вели Ричи.

Студијата е објавена во мартовското издание на списанието American Politics Research.

## КОРУПЦИЈА ВО АКАДЕМСКИТЕ КРУГОВИ

(China Daily) – Да беше сѐ уште жив и да живееше во Кина, Алберт Ајнштајн немаше да може да биде професор, ниту пак ќе му беше доделена највисоката академска титула на академик во Кинеската академија на науките ако тоа зависеше од бројот на дисертации кои ги објавил. Ако ја посакувал таа чест, ќе морал да купи дисертации и да плати за нивното објавување.

Обртот од бизнисот на продажба и објавување на дисертации е проценет на 1 милион јуани (146 милиони американски долари), според истражувањето спроведено од една група научници на универзитетот Вухан. Во нивното тригодишно истражување, групата предводена од еден професор откри дека вкупниот број на академски публикации и списанија е многу помал од бројот на научно-истражувачки трудови кои треба да се објават.

Можат да се објават само 2,84 милиони трудови годишно, а трудови сакаат да објават 11,8 милиони луѓе. Тоа се дипломци, професори и научно-истражувачки работници. Само еден од пет трудови може да се објави во овие публикации.

За оние од кои се бара да објават трудови за да добијат дипломи, сертификати, унапредувања и зголемување на платата, давањето пари за да им се напишат и да им се објават трудовите стана последно решение кога немаат друг избор.

Ова е причината зошто продажбата и објавувањето на трудовите прерасна во профитабилен бизнис.

Од своја страна, овој бизнис ќе натера повеќемина во рамките на индустријата да бараат помош, додека сѐ поголем број на студенти на постдипломски и докторски студии ќе дејствуваат како скриени писатели за фирмите. Кога повеќе луѓе имаат корист од бизнисот, тоа длабоко ќе ја нагризе етиката на академските кругови.

Академското поле може да ослаби бидејќи научниците и истражувачите го губат поттикот да се закопаат во нивните истражувања за да произведат големи идеи, откритија или пронајдоци, кога едноставно можат да купат трудови за да го добијат она што го сакаат.

Ако сѐ поголем број на дипломци, професори или научно-истражувачки работници си го пробиваат патот со пари, тоа само ќе ја намали севкупната вредност во академските кругови. Оние кои тврдоглаво се закопуваат себеси во книги и се држат до нивните принципи, набрзо ќе станат предмет на потсмев.

Ако не се преземат остри мерки против овој валкан бизнис, сценариото на купување почести и признанија во блиска иднина сигурно ќе стане реалност. Погледнете го сѐ поголемиот број професори кои се фатени како мамат во трудовите, погледнете ги оние кои дури биле фатени во измама во трудови објавени во меѓународни публикации. Некои во академските кругови го загубиле чувството на срам.

Помеѓу останатото, практиката на наметнување квоти на трудовите на студентите, на професорите, па дури и на некои други професионалци мора да се забрани. Ова е и најмрзливиот и најлесниот начин да се оцени што научиле студентите и како професорите го спровеле истражувањето. Во најголем број случаи, тие се непотребни. Студентите може да се натераат да пишуваат трудови, но не е потребно нивните трудови да се објавуваат. Професорите ќе пишуваат трудови ако сметаат дека е потребно и нема потреба да се притискаат на таков глупав начин.

Без побарувачка на трудови, валканиот бизнис сигурно ќе изумре. Ова треба да биде првиот чекор во преземањето остри мерки против корупцијата во академските кругови.



**Вања Михајлова,** антикорупциски експерт

# КОРУПЦИЈАТА И БИЗНИСОТ -КОЈА Е ЦЕНАТА?

Меѓу светските експерти постои консензус дека како што светот се движи кон ерата на глобализација, така корупцијата сериозно се заканува да го определува економскиот раст и стабилноста на глобалната трговија и на финансискиот систем во целина. Освен што ја уназадува демократијата, корупцијата влијае негативно и врз развојот на бизнис-секторот и врз привлекувањето странски инвестиции. Земјите со распространета корупција не можат да очекуваат влез на „чист капитал" кој, сосема извесно, се вложува онаму каде што владее правото и доследно се почитуваат законите.

Иако причините за корупција во бизнис-секторот се многустрани, генерално тие се лоцираат во слабото функционирање на институциите. Како најчести причини се посочуваат следниве:

- ***Нејасни и комплицирани закони и нивно често менување***

Кога законите се контрадикторни или тешко се интерпретираат, се зголемуваат дискрециските овластувања на службените лица кои одлучуваат по одредени барања, што го зголемува ризикот тие самите да бидат арбитри во толкувањето на прописите. Честото менување на законите ги става бизнисмените во ситуација да не бидат доволно запознаени со нивните права и обврски, поради што нема да можат целосно или доследно да ги исполнат, а крајниот исход ќе биде санкционирање од страна на инспекцииите. Ваквата состојба креира правна несигурност, како од аспект на правилна примена на законите, така и при подготвување на бизнис-плановите. Во овие случаи корупцијата станува моќно средство за неефикасност во вршењето на бизнисот и за арбитрарните дејствија на службените лица.

- ***Неадекватни и неконзистентни закони и нивно селективно спроведување***

Донесувањето закони со кои се спречува или се уништува корупцијата не е доволна гаранција за ефикасна борба против корупцијата, ако изостанува нивно практично спроведување. Неефикасниот судски систем, несоодветните санкции и селективната примена на законите ги прават прописите неефективни. Исто така и едноставното препишување на прописите од другите земји, без тие да бидат конзистентни со целокупното законодавство во земјата, создава правна несигурност, чувство на дискриминираност кај бизнисмените, а со тоа и претпазливост при инвестирањето.

- ***Нетранспарентност и неодговорност***

Кога договорите се прават зад затворени врати, едноставно е невозможно да се има пристап до критериумите според кои се донесени одлуките, да се оцени дали се тие законски засновани и колку субјективноста и блиските релации помеѓу асегнатите страни биле пресуден критериум за ваквата одлука. Нетранспарентноста исто така им овозможува на службените лица кои ги носат одлуките да ја одбегнат одговорноста и отчетноста за нивната работа.

- ***Отсуство на конкуренција***

Фирмите што имаат монопол на пазарот имаат најголеми шанси да ги добијат тендерите од државните институции, особено кога се фаворизирани од власта од која го стекнале ваквиот монопол. Во вакви околности се поттикнува неефикасноста, а се намалува конкуренцијата на пазарот како еден од основните принципи на пазарната економија. Недостигот на конкуренција исто така ја елиминира и одговорноста на фирмите, особено на оние кои имаат монопол во почитување на законите и принципите.

- ***Недоволно платени јавни службеници***

Иако постојат различни мислења и искуства за ова прашање, генерална оценка е дека во ситуации кога јавните службеници не се во состојба да ги задоволат своите потреби со платата, се свртуват кон корупција за да ги надополнат своите приходи. Во некои земји беа зголемени примањата на јавните службеници како мерка за превенција од поткуп, но резултатите не се покажаа како многу позитивни. Едноставното зголемување на платите на јавните службеници нема да придонесе кон намалување на корупцијата, сè додека во системот постојат други слабости и можности за злоупотреба.

## Кои се последиците од корупцијата за бизнисот?

Негативните импликации од корупцијата се многустрани, со штети кои ги трпи не само бизнис-секторот, туку целото општество. Сепак, како клучни можат да се наведат следниве:




- ***Дислокација на ресурсите***

Значајни средства на фирмите, наместо во функција на зголемување на продуктивноста и нови вработувања, се насочуваат кон поткупување на јавни службеници. Наместо да се посветат на водење на бизнисот, фирмите губат време и пари за воспоставување врски со јавните службеници и давање поткуп, што ги зголемува трошоците на работењето и во крајна линија, цените на производите и услугите.

- ***Помали инвестиции***

Високиот степен на корупција, правната несигурност, непредвидливите трошоци кои произлегуваат од давањето поткуп и неефикасната бирократија им испраќаат сериозен сигнал на потенцијалните инвеститори дека во земјата не постои владеење на правото и има големи слабости во заштитата на сопственичките права, како едно од круцијалните права што имаат големо влијание при донесувањето одлука за инвестирање. Ваквата неповолна бизнис-клима ја прави инвестицијата ризична. Помалку инвестиции, пак, значат и помал економски раст во земјата во целина.

- ***Намалување на конкуренцијата, ефикасноста и иновациите***

Воспоставените блиски релации меѓу компаниите и власта резултираат со фаворизирање на одредени компании, така што тие остануваат без конкуренција на пазарот. Од друга страна, новооснованите фирми кои сè уште не воспоставиле или се спречени да воспостават такви „бизнис-релации“ се соочуваат со големи бариери за влез на пазарот. Во вакви услови, наместо да се развиваат и да инвестираат во иновации, овие компании единствено ќе се грижат како да егзистираат и да избегнат банкрот. Цената на корупцијата на крајот ја плаќаат крајните потрошувачи преку повисоките трошоци за производите и услугите и преку ограничената понуда.

- ***Неефикасна администрација и неодговорни политики***

Неефикасната и нетранспарентна администрација обично се посочува како една од поголемите бариери за ефикасно функционирање на бизнис-секторот. Вработените во државните институции кои одлучуваат по одделни барања ги користат своите дискрециски овластувања за да им помогнат на одредени фаворизирани фирми, а не за да бидат во служба на сите граѓани. Од друга страна, кај овие службеници отсуствува одговорност за извршување на нивните законски обврски. Сето ова во практиката се манифестира со бескрајно одолговлекување на извршувањето на услугата (давање одобренија, дозволи, разни потврди и сл.), а со крајна цел да добијат поткуп или друга противуслуга.

- ***Пониска вработеност***

Објективно спречени да се развиваат и да го прошируваат својот бизнис, фирмите во услови на постоење на корупција се спречени и да ангажираат повеќе работници. Особено се погодени помалите фирми, кои и онака се понеконкурентни на пазарот, бидејќи големите фирми многу полесно воспоставуваат релации со власта преку наоѓање на „заеднички интерес“ и полесно можат да ги истрпат последиците од т.н. „ситна“ корупција, кога треба да се поткупи пониският ешалон на власта.

- ***Зголемување на сиромаштијата***

Светските искуства покажуваат дека високиот степен на корупција влијае непосредно врз зголемување на бројот на сиромашни граѓани, главно поради одлевање на средствата во приватни или во партиски џепови, средства кои инаку се наменети за задоволување на потребите на сите граѓани: здравствена заштита, квалитетна и распространета инфраструктура, социјална заштита и сл. Корупцијата ги намалува потенцијалните приходи особено на сиромашните, бидејќи тие имаат и помали можности за вршење на одредена дејност.

## Кои се механизмите за ограничување на корупцијата во бизнисот?

На корупцијата, во принцип, треба да се гледа како на секоја друга економска трансакција на пазарот каде што се применуваат законите на понудата и побарувачката. Меѓу овие две категории се наоѓа заедничкиот интерес на оние кои даваат (бизнисмените) и оние кои примаат поткуп (јавните службеници). Бизнисмените плаќаат поткуп од разни причини. Соочени со бавност и неефикасност на бирократијата, тие даваат поткуп за забрзување на постапките за добивање разни дозволи, одобренија и други документи неопходни за вршење на дејноста. На овој начин бизнисмените се јавуваат во двојна улога – тие се и учесници во корупцијата и жртви од неа.

Но, можат ли бизнисмените, особено помалите претприемачи, да се борат против корупцијата за да можат нормално да ја вршат својата дејност? Институционално, постојат решенија кои промовираат лојална пазарна конкуренција и кои, во услови на функционирање на правната држава, би требало на фирмите да им обезбеди натпревар под јасни и еднакви услови. Учеството на приватниот сектор во борбата против корупцијата е од клучно значење.

Најефикасните антикоруптивни програми кои се усвоени во некои земји го вклучуваат бизнис секторот во институционалните реформи кои промовираат конкурентни пазари и ‚добро однесување'. Бизнис-заедницата може и мора да преземе позитивни чекори како на јавната сцена – преку поттикнување на транспарентноста, правни и регулаторни реформи, така и преку подобрување на корпоративното управување, подобро информирање и волунтарни стандарди. Некои од мерките кои се покажале како успешни во оваа насока се отворената дискусија за корупцијата и за штетните последици од неа врз водењето на бизнисот и идентификување на



корените на корупцијата, болните точки за корупција и механизмите преку кои се појавува таа.

Бизнис-секторот во напорите за справување со корупцијата треба да се раководи од следните принципи:

- Забрана на поткупот во која било форма, директно или индиректно;
- Обврзување дека ќе се спроведуваат антикоруцисните програми и стратегии и
- Усвојување на програми за добри бизнис-практики и стратегии за ризичен менаџмент, заради справување со корупцијата.

За да може да се почитуваат овие принципи, освен што треба да ѝ се помогне на бизнис-заедницата, неопходно е да се мобилизираат сите фактори и да се изгради поширока антикорупциска коалиција, како и да се промовира дијалог меѓу бизнис-секторот и власта за да се осигура дека дизајнираните политики за борба против корупцијата ќе ги вклучат вистинските потреби на бизнис-заедницата.

Освен тоа, треба да се изработи и план за акција со специфични антокорупциски политики кои би се фокусирале врз областите најранливи на корупција. Треба да се спроведат антикорупциски политики во кои бизнис-секторот ќе ја има водечката улога во промовирање на транспарентни односи со државните институции и во усвојување на интерни контроли врз трансакцииите.

Одредени активности треба да се преземат и на полето на легислативата, со што би се елиминирале или би се измениле нејасните и контрадикторните законски решенија. Посебно внимание треба да се обрне на тоа да се усвојат антикорупциски кодекси на однесување, заради обезбедување на транспарентност и интегритет во јавните договори и лојална конкуренција. Посебна улога во мониторинг на овој план треба да има граѓанскиот сектор.

Натаму, една од мерките е и интегрирањето на неформалниот сектор преку одредени олеснувања за малите бизниси. Неформалната економија е резултат на несодветна примена на прописите поради бариерите или сложените критериуми за вршење на бизнис. Поедноставување на законите за даноците може да ја намали корупцијата на два начини: преку ограничување на дискрециските права на јавните службеници при примена на даночните закони или преку помали даночни зафати кои би му помогнале на бизнис-секторот, а би ги ограничиле можностите за поткуп. Во оваа насока потребно е внимателно да се утврдат овластувањата на инспекциските служби од аспект на намалување на можностите за злоупотреба и самоволие.

Посебно внимание да се посвети на промовирањето јасни правила за спречување на конфликт на интереси во јавниот сектор, вклучувајќи и изземање на службените лица од носење на одлуки за одредени фирми во случаи кога постои конфликт на интереси. Исто така, потребно е да се ограничи трансферот на јавните службеници на позиции во фирми кои имаат деловни врски со државната институција во која се вработени.

Вклучувањето на граѓанскиот сектор (преку разни форми – тинк-танк, бизнис-здруженија и други невладини организации) во процесот на реформите е од клучно значење за намалување на корупцијата. Ваквите здруженија треба да бидат клучни играчи во промовирањето одговорност во јавниот и приватниот сектор.

Подобрувањето на пристапот до информации за постоечката регулатива и за измените кои се планираат, како и едуцирање на претприемачите за нивните права и одговорности, треба да ги поттикне бизнисмените да ги почитуваат законите и да велат „не“ на нелегалните барања од страна на службените лица.

Промовирање на независни медиуми е од извонредно значење за намалување на корупцијата како бариера за вршење на бизнисот. Ова подразбира обука на економските новинари за анализирање на состојбите и откривање на злоупотреби и корупција во овој сектор. Слободниот пристап до информации треба во голема мера да им помогне на медиумите во извршување на нивната улога на „куче-чувар“ во општеството.

## Актуелната состојба во Македонија

Последниот извештај на Европската комисија за напредокот на земјата укажува на „широко распространета корупција, која останува да биде сериозен проблем во многу области“, на потребата „да се осигура независно и непристрасно судство” (кое, пак, според анкетата спроведена од ОБСЕ, е под силно влијание на извршната власт), на гломазна, бавна и партизирана администрација со несоодветно изградени капацитети, на правна несигурност поради честото менување на легислативата.

Сето ова негативно влијае врз бизнис-секторот и врз економскиот раст во земјата. Оттука се наметнува и прашањето колку во вакви околности може да се очекуваат развивање на бизнис-секторот и инвестиции, особено странски. Ова прашање се наметнува уште повеќе имајќи го предвид, од една страна, нискиот обем на странски инвестиции во минатата година (109,86 милиони евра за првите девет месеци во 2009 година), а од друга интензивните и скапи кампањи, поволностите што им се нудат на инвеститорите и скапо платените „ловци“ на странски инвестиции (економски промотори). Притоа, глобалната криза не би требала да се користи како целосно оправдување, бидејќи во истиот период странските инвестиции во поширокиот регион се бројат во милијарди евра. Во однос на критериумите за креирање позитивна бизнис-клима како предуслов за привлекување на директни странски инвестиции, Македонија добива најниски оценки токму во делот на правната несигурност и корупцијата. Произлегува дека овие се поважни фактори за одлуката дали ќе се вложи во одредена земја, отколку ниските даночни стапки и ниските плати, кои не се одлучувачки ако постојат слабости во функционирање на правната држава, што подразбира и подобар, и подеднаков третман на државата кон сите инвеститори, правна сигурност и ефикасна заштита на нивниот капитал.

Како една од мерките за подобрување на состојбата, сепак му останува на бизнис-секторот, особено на помалите претприемачи, преку нивните здруженија да се организираат и да преземаат мерки против корупцијата, како и за креирање подобри услови за работа.

# ИСТРАГАТА НА БИРН ОТКРИ ДУПКИ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА УСЛУГА ВО КОСОВО

од Петрит Колаку

Јануари, 2010 Истрагата фрла светло врз корумпираната практика на докторите да ги препраќаат пациентите во нивните сопствени клиники за третман, врз ургентните центри оставени без кадар, скршената опрема и нееднаквото распоредување на специјалистите.

Медицинскиот кадар во косовските државни болници ги упатува пациентите во сопствени приватни клиники за третман, дури и кога услугите кои им се потребни се на располагање бесплатно во јавните институции, открии истражувањето на Балканската истражувачка мрежа, БИРН.

Ова е само еден од многуте проблеми кои ги откри истрагата за време на дваесетте месеци минати во мониторинг на состојбата на здравствениот систем во Косово.

Според извештајот на БИРН, Raport i Monitorimit të Shëndetësisë, кој беше објавен на 25 декември а наскоро ќе биде објавен и на англиски, опремата често е расипана, медицинскиот кадар редовно работи на црно во своите приватни клиники за да ги зголеми своите плати, а некои болници имаат недостиг од доктори специјалисти.

Повеќе од 400 интервјуирани лица учествуваа во истрагата која траеше од март 2008 г. до ноември 2009 г. и вклучи мониторинг на здравствените институции низ целата земја, вклучувајќи го и Универзитетскиот клинички центар на Косово, регионалните болници и семејните медицински центри.



Собраните податоци покажаа дека многу доктори и медицински сестри вообичаено почнуваат со работа доцна и си заминуваат рано. Најсериозниот случај бил забележан во ургентниот центар во Пеќ, на 13 мај 2008 година. Никој од дваесет и четворицата вработени не бил присутен целиот ден, со исклучок на хигиеничарката.

Извештајот на БИРН вели дека често се случуваат одложувања на лекувањето, бидејќи работните ангажмани на докторите се во конфликт со нивните термини во приватните клиники.

Многу интервјуирани пациенти изјавиле дека кога првпат отишле на консултација во јавните здравствени институции, докторите или други вработени ги упатувале во приватни клиники кои ги поседувале тие, нивните колеги или познајници. Ова се случувало дури и кога услугите кои им биле потребни ги имале на располагање бесплатно во јавните институции.

Според извештајот Raport i Monitorimit të Shëndetësisë, многу пациенти тврделе дека чекаат на ред за медицински услуги бидејќи докторите доцнат, бидејќи нивните паузи се подолги отколку што е дозволено или бидејќи работат во своите приватни клиники во текот на редовното работно време.

„Многу пациенти и нивните роднини изјавија дека им било советувано од докторите во јавните здравствени институции да ги посетат нивните приватни клиники."

Еден доктор од Универзитетскиот клинички центар, кој дал изјава за БИРН под услов да остане анонимен, признал дека прима меѓу 20 и 50 евра секојпат кога препраќал пациент за компјутерска томографија. Друг доктор во истата болница признал дека по нивната прва посета, ги препраќа пациентите во неговата сопствена клиника.

Истражувач на БИРН во Урошевац видел како некои доктори, сè уште во униформа, ја напуштаат болницата во текот на работното време и одат во нивните приватни клиники лоцирани на неколку метри од болницата.

Еден доктор бил снимен како ја брани својата пракса. „Платата која ја добивам е недоволна за да обезбедам егзистенција за моето семејство", изјави

тој. „Со 240 евра кои ги добивам (од владата) моето семејство би завршило со социјална помош.“

Зборувајќи на неделното ТВ-шоу на БИРН, Life in Kosovo, новоназначениот директор на приштинската болница, Али Садриу, изјави дека не може да го смени таквото однесување преку ноќ, но дека неговиот менаџмент нема да го толерира тоа.

„Законот си е закон“, рече тој. „Не постои оправдување за кој и да е што не го почитува работното време.“ Садриу додаде дека лобира кај владата за добивање повеќе средства, со цел генерално да го подобри здравствениот систем.

Истражувањето на БИРН препорачува Министерството за здравство да го регулира вработувањето на докторите и во јавниот, и во приватниот сектор, и да ги зголеми платите на докторите за да ги поттикне да останат во државниот сектор.

Фаик Хоти, портпарол на Министерството за здравство, изјави дека неквалитетната услуга откриена со истрагата ја рефлектира единствено перцепцијата на истражувачите на BIRN.

„Министерството смета дека сите овие податоци за неквалитетните услуги на медицинскиот кадар се перцепции на мониторите на БИРН и на дел од јавноста“, изјави тој. „Таквата проценка може да ја извршат само оние кои имаат длабоко познавање на услугите... оние со поголемо знаење за квалитетот на овие услуги.“

Истрагата откри дека кадарот на Универзитетскиот клинички центар испраќал пациенти на компјутерска томографија, која обично била непотребна.

Загриженост во врска со бројот на пациенти кои биле испраќани на снимање била изразена и во официјално писмо кое го испратил здравствениот инспекторат во август 2009 год. до министерот за здравство, Алуш Гаши, до поранешниот директор на Универзитетскиот клинички центар, Јусуф Улај, и до директорот на Центарот за радиологија, Халит Имери.

Врз основа на инспекцијата извршена во клиниката за радиологија, писмото кое BIRN го виде забележува дека 80 проценти од компјутерските томографии не откриле никакви медицински проблеми. Според здравствениот инспекторат, пречестата употреба на скенерите предизвикувала непотребни трошоци и непотребно ги изложувала на радијација пациентите и кадарот.

Во август 2009 година, пациент во болницата во Пеќ изјавил за истрагата дека платил 100 евра за компјутерска томографија во приватна клиника, откако медицинска сестра му рекла дека болничката опрема не работи. Сепак, главната сестра во хируршкиот оддел, Шпреса Реџбогај, за истиот монитор изјавила дека опремата за компјутерска томографија била донесена пред еден месец и била целосно функционална.

Расипаната опрема, сепак, била сериозен проблем – како што откри нашиот тим на истражувачи. Во гинеколошката клиника во Пеќ откривме дека апаратот за ултразвук бил надвор од употреба повеќе од една година, принудувајќи ги пациентите да бараат приватна здравствена услуга.

Во ургентниот центар во Пеќ, надвор од употреба биле и двете возила за брза помош. Во интервју во мај 2008 г., директорот на центарот, Шадри Дервишај, изјавил дека амбулантните возила не се употребувале бидејќи биле многу стари. Исто така се открило и дека не постои функционален телефон во центарот.

Како одговор на прашањата на БИРН, Министерството за здравство изјави дека потрошило 4 милиони евра на нова опрема во 2009 година и дека во Универзитетскиот клинички центар повеќе од 700.000 евра биле искористени за да се купи опрема за компјутерска томографија и за магнетна резонанса.

Друг проблем во здравствениот систем кој го потенцираше истражувањето се однесува на нееднаквото распоредување на докторите-специјалисти. Во интервјуа со болничкиот кадар, БИРН откри дека многу болници имаат малку доктори специјалисти или воопшто ги немаат, додека Универзитетскиот клинички центар се чинел претрупан со специјалисти.

Јусуф Улај, поранешен доктор во Универзитетскиот клинички центар, изјави дека 12 гинеколози биле избрани да работат таму, иако клиниката немала потреба од толку многу доктори. Тој тврдеше дека министерството не ги утврдило реалните потреби на болницата.

Тефик Бектеши, кардиолог, изјави дека поради прекумерниот број на хирурзи вработени во Универзитетскиот клинички центар, еден хирург извршувал околу 40 хируршки операции годишно, што е мал обем на работа.

Сепак, Министерството за здравство ја отфрли оваа критика, велејќи дека политиката на вработување била „заснована врз потребите на болниците, клиниките и различните одделенија“.

„Никој не испраќа кадар во клиниките или болниците ако тие клиники немаат потреба од него“, изјави Министерството.

„Има повеќе доктори и друг медицински кадар во Универзитетскиот клинички центар бидејќи тоа е единствениот терцијарен центар (во Косово), така што е нормално тој да ги обезбедува повеќето медицински услуги.“



# ИСТРАЖУВАЊЕ



## Општините можат да ја унапредат информираноста и вклученоста на граѓаните, фирмите и невладините организации

Центарот за граѓански комуникации, во партнерство со НВО Инфоцентарот од Скопје и со ЕХО од Штип, спроведе обемно истражување на јавното мислење за актуелните практики во општините од источна Македонија, а во рамките на проектот на УСАИД за транспарентно работење.

Целта на истражувањето беше да се дојде до релевантни податоци за задоволство на граѓаните, на граѓанските здруженија и на бизнис-заедницата од услугите што им ги нуди општината и воопшто, од нејзиното работење, како и детектирање на евентуалните слабости во работењето на општините, а во насока на транспарентно, ефикасно и отчетно работење. Задоволството се оценуваше преку нивната информираност за работата на општината, вклученоста во донесувањето одлуки, можноста да укажат на слабостите, отчетноста што ја добиваат од општината, како и вграденоста на механизми во општините за откривање на незаконското работење.

Во истражувањето се користеа посебни анкетни прашалници за општините, за граѓаните, за граѓанските здруженија и за фирмите, во четири општини од источна Македонија: Штип, Струмица, Виница и Свети Николе.

Посебните прашалници овозможија да се дојде до релевантни сознанија за искуството на секоја одделна целна група; да се вклучат специфичностите на различните односи меѓу секоја од овие одделни групи и општината; да се дојде до сеопфатна слика за состојбите во општината и да се намали ризикот од еднострaност во оценката на работата на општината.

Во истражувањето беа анкетирани 959 граѓани кои имале контакт со општината во периодот на спроведување на истражувањето (секој работен ден од 10 до 25 декември 2009 година), 80 активни невладини организации во спомнатите општини (по 20 од секоја општина), како и 85 компании, случајно избрани од регистрите на фирми кои се евидентирани во општинските канцеларии за Локален економски развој (ЛЕР).

Резултатите од истражувањето ќе послужат како основа за изработка на препораки за преземање мерки да се надминат утврдените слабости и да се унапреди работењето на локалните власти.

Истовремено, од март 2010 година, во секоја од овие општини ќе се отворат граѓански центри за унапредување на локалната самоуправа, каде што граѓаните, претставниците на бизнис-заедницата и на невладините организации ќе можат да доставуваат свои поплаки, идеи и сугестии за работата на својата општина. Центрите работат во рамките на четири невладини организации (по една во секоја општина). Примените поплаки, предлози и идеи редовно ќе се доставуваат до општинската администрација и ќе се следи нивното натамошно процесирање.

Искуствата од овие четири општини од идната година ќе се пренесат во другите општини од западна Македонија и од Скопје.

Тргнувајќи од фактот дека еден од најдобрите начини за борба против корупцијата е поголемата транспарентност, одговорност и отчетност, овој проект ќе придонесе кон заживување на механизмите за потранспарентно, поодговорно и поотчетно работење на локалните власти, кон зајакнување на учеството на граѓаните и на бизнис-заедницата во донесувањето одлуки на локално ниво, како и кон размената на добри практики меѓу локалните самоуправи во земјава.

## СУМАРНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

- Граѓаните и бизнисмените се речиси подеднакво незадоволни од работата на општината, од нејзината транспарентност, од учеството при донесувањето на буџетот и други важни документи (стратегии, планови и сл.), од достапноста до општинската администрација и сл. За разлика од граѓаните и бизнисмените, претставниците на граѓанските здруженија покажуваат поголемо задоволство и повисок степен на информираност за работата на општината, на достапност до информациите и документите, како и на учество во работата на општината. Сепак, задоволството на НВО-и од работата на општината е помало онаму каде што е помала и соработката.

- По речиси сите вкрстени прашања постојат разлики во одговорите меѓу општината, од една страна, и особено граѓаните и бизнисмените, од друга страна.

- Според сознанијата за моменталната состојба добиени од истражувањето, речиси кај сите аспекти од работењето на сите анкетирани општини има голем простор за подобрување на работењето.

- Резултатите од истражувањето покажуваат недоволна информираност на граѓаните и на претставниците на бизнис-заедницата за работата на општината, за услугите што ги дава таа, како и за начините на кои заинтересираните можат да се вклучат во донесувањето одлуки, но и да се пожалат на работата на претставниците на општинската администрација.

- Општините ги немаат истакнато јавно сите услуги што ги даваат, заедно со потребните документи што треба да се достават за добивање на тие услуги, како и паричните износи што треба да се платат за услугите, што ќе го сведе на најмала можна мера просторот за злоупотреба и манипулација од страна на локалната администрација. Додека доминантен дел од општините (75%) велат дека постојат јавно достапни списоци со услугите кои ги даваат и цените за секоја услуга, само помалку од половина од граѓаните (45%) изјавуваат дека во општините има такви списоци.

**Дали во општината на јавно место има список на услуги што ги нуди, со ценовник?**




- Широк простор за манипулации останува и често применуваната практика – информациите за постапките и за документите што треба да се достават за добивање на услугите да се добиваат преку разговор со службениците во општината. Најголем дел од граѓаните (56%) и од бизнисмените (60%) изјавуваат дека информациите за постапките и за документите што треба да ги достават за добивање на услугите во општините ги добиваат од разговор со службениците во општините, додека само околу третина од општините (37%) признаваат дека извор на овие информации се службениците.

- Истражувањето покажува нетранспарентност при креирањето и донесувањето на буџетот на општините. Имено, високи 92% од граѓаните и 85% од бизнисмените велат дека не се вклучени при креирање на буџетот на општината, за

разлика од одговорите на општините, во кои 100% од општините велат дека ги вклучуваат граѓаните и другите заинтересирани страни при изработката на буџетот на општината.

- Освен за буџетот, 68% од граѓаните и 64% од бизнисмените велат дека општината не се консултира со нив ниту при изработката на други значајни документи како стратегии, планови и сл., за разлика од општините, кои 100% велат дека применуваат разни механизми за консултирање на засегнатите страни за овие документи.

## Не присуствувале или не учествувале на:




- Високи 95% од граѓаните и 94% од бизнисмените сметаат дека немаат можност да присуствуваат на седница на Советот на општината, додека 100% од општините велат дека одржуваат отворени седници. Од ова произлегува дека општините не преземаат мерки за присуство на заинтересирани субјекти (граѓани, фирми и сл.) на седниците на Советот на општината и дека ниту граѓаните, ниту бизнис-заедницата не се вклучени во донесувањето на одлуки кои натаму влијаат врз животите на луѓето и врз работата на фирмите.

- Дури 64% од граѓаните сметаат дека општината не презема мерки за активно функционирање на урбаните заедници, додека 100% од општините велат дека преземаат такви мерки.

- Скоро две третини од граѓаните (64%) и една третина од бизнисмените (34%) сметаат дека немаат можност да му ги кажат на градоначалникот своите проблеми и да му дадат предлози за унапредувањето на животот и работата во општината, додека 100% од општините велат дека нивниот градоначалник одржува редовни средби со граѓаните. Од ова исто така произлегува дека не се преземаат мерки за поактивно учество на граѓаните и на бизнис-заедницата на тие редовни средби меѓу градоначалникот и заинтересираните страни.

- Во општините нема изградено механизми за прибирање и постапување по пријави од граѓани и од бизнис-заедницата за коруптивно и неетичко работење на претставниците на општинската администрација. 75% од општините изјавуваат дека во нивната општина нема пишана процедура за постапување по вакви поплаки од граѓаните. 93% од граѓаните и 95% од бизнисмените никогаш не доставиле поплака за работата на вработен во општината за злоупотреба на службената должност или за корупција.

- 5% од граѓаните и 6% од бизнисмените велат дека им бил побаран поткуп од претставник на општината, а поплака за коруптивно однесување доставиле 7% од граѓаните и 5% од фирмите. 8% од граѓаните и 4% од фирмите сведочеле на ситуација во која претставник на општината имал судир на интерес што го премолчил. 17% од НВО-и дошле до сознанија за злоупотреба на службената должност, односно за коруптивно однесување на вработени во општината, а 11% сведочеле на ситуација во која претставник на општината имал судир на интерес што го премолчил.

- Истражувањето покажува и дека општините немаат еднаков однос кон сите граѓани и фирми, односно на одредени граѓани и фирми им обезбедуваат еднаков третман. Така, 58% од граѓаните и 50% од фирмите сметаат дека службениците во општината немаат еднаков третман кон нив, а 56% од фирмите сметаат дека во наплатата на даноците и давачките, општинската власт привилегира одредени фирми.

## Професионалност на администрацијата




- Резултатите од истражувањето покажуваат и недоволна отчетност на општините. 56% од граѓаните велат дека општината не ги информира за резултатите од работењето, а 61% од бизнисмените, на пример, не знаат или не веруваат дека им се достапни податоците за склучените договори за јавните набавки. Од друга страна, високи 52% од фирмите сметаат дека зад јавните набавки во нивната општина се крие корупција.

# АНТИКОРУПЦИСКИ кампањи




Велика Британија




Индија




Обединети нации




Ирак



Киргистан




Индонезија




Хрватска

## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.
Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.
Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.
Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија, преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во румански медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.